**20242554454**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за градење,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 декември 2024 година.

Бр. 08-6050/1
12 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 115/23 и 224/24) во членот 73 став (1) во алинејата 24 зборовите: „или друга меѓународна организација“ се заменуваат со зборовите: „или од друга меѓународна организација“.

Член 2

Во членот 101 по зборот „одбраната“ се додаваат зборовите: „и безбедноста“.

Член 3

Започнатите постапки за издавање на одобрение за градење за градбите ветерници и фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште, како и започнатите постапки за измени во тек на градба врз основа на правосилно издадени одобренија за градење на ветерници и фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште, а кои се во фаза на заверен основен проект и доставено известување со пресметка за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, ќе продолжат согласно со одредбите од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23 и 115/23).

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.